**ИДС- /23**

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВЕН СУД –СУДИЈА** постапувајќи по барањето со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот – Општина , поднесен согласно член 218 од ЗИ, а поднесен од должникот ОПШТИНА а по правно мислење на Врховниот суд на Република Северна Макеоднија од .2022 година на ден **.2023** год. го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

### I

СЕ врши спојување на предметите заради заедничко расправање на предлогот за определување на минимални средства за вршење дејноста и задачите за нормално функционирање поднесен од должникот Општина заведена под ИДС.бр. /23 , ИДС .бр. /23 , ИДС.бр. /23, ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23, ИДС .бр. /23 , ИДС.бр. /23, ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , и во иднина ќе се води единствена постапка под.ИДС.бр. /23

### II

**Барањето** на должникот – Општина за определување на месечни минмални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност на должникот Оптшина , **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ** месечни минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност на должникот Општина согласно чл.218 од ЗИ врс кои не може да се спорведе извршување од страна на трезорската сметка при НБ на РСМ над должникот во износ од 35.169.601,оо денари,а по налози за извршување и тоа:

- Налог за извршување И.бр. /18 од 22.08.2018 год. издаден од извршител . и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 1.423.309,00 ден, а по барање за извршување од доверителот “ Македонска Пошта АД Скопје .

-Налог за извршување И.бр. /2018 од 18.09.2018 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 1.785,001,00 ден, а по барање за

извршување од доверителот “АНХОЧ ДООЕЛ Скопје .

-Налог за извршување И.бр. /19 од 08.04.2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 1.850.564,00 ден, а по барање за извршување од доверителот Македонска Пошта АД Скопје.

Налог за извршување И.бр. /2019 од 28.05.2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 1.318.933,00 ден, а по барање за извршување од доверителот ,ДТУ Лирекс ДООЕЛ Скопје .

Налог за извршување И.бр. /2019 од 21.06. 2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 2.692.236,00 ден, а по барање за извршување од доверителот ИР-ГРУП Конструкт ДООЕЛ Тетово .

Налог за извршување И.бр. /19 од 21.06.2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 2.580,582,00 ден, а по барање за извршување од доверителот “ИР-ГРУП Конструкт ДООЕЛ Тетово.

Налог за извршување И.бр. /19 од 25.06.2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 3.100,000,00 ден, а по барање за извршување од доверителот “ДГТУ Миоли Градба ДООЕЛ увоз-извоз .

Налог за извршување И.бр. /19 од 12.09.2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 12.349,712,00 ден, а по барање за извршување од доверителот “,ИР ГРУП Конструкт ДООЕЛ Тетово .

Налог за извршување И.бр. /19 од 14.10.2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 766.845,00 ден, а по барање за извршување од доверителот “,ИР ГРУП Конструкт ДООЕЛ Тетово .

Налог за извршување И.бр. /19 од 14.11.2019 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 10.000,000,00 ден, а по барање за извршување од доверителот “ДГТУ НБ Компани ДОО Тетово.

Налог за извршување И.бр. /2020 од 24.01.2020 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 16.682,473,00 ден, а по барање за извршување од доверителот “ГД Гранит АД Скопје .

Налог за извршување И.бр. /2020 од 24.07.2020 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен

суд за износ од 14.101,082,,00 ден, а по барање за извршување од доверителот "ДГТУ Е-Ф Компани ДООЕЛ .

Налог за извршување И.бр. /21 од 08.07.2021 год. издаден од извршител и именуван за подрачје на Основен суд за износ од 73.448.879,00 ден, а по барање за извршување од доверителот "НБ Цомпани ДОО Тетово .

Од поголемото барање со предлог за определување на минмум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност односно задачи на должникот Оптшина над уважениот дел со кое должникот бараше да се определуват минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност во износ од 52.498.480,00 денари па до досудениот износ 35.169.601,00 денари **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО .**

Секоја странка сама ќе ги сноси своите трошоци по постапката.

Евентуално поднесената жалба не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Должникот Општина до Претседателот на Основниот суд достави барање со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот поднесен согласно член 218 од ЗИ.

Со решение ИДС.бр. /23 Претседателот на овој суд изврши спојување на предметите заради заеднчко расправање на предлогот за определување на минимални средства за вршење дејноста и задачите за нормално функционирање поднесен од должникот Општина Тетово заведени под ИДС.бр. /23 , ИДС .бр. /23 , ИДС.бр. /23, ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23, ИДС .бр. /23 , ИДС.бр. /23, ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , ИДС.бр. /23 , и во иднина ќе се води единствена постапка под.ИДС.бр. /23 од причини што во конкртениот случај исполнети се условите предвидени во чл.225 од Судскиот деловник а согласно чл.263 ст.1од ЗПП .

Со решение ИДС.бр. /23 од 05.05.2023 годиина на овој суд барањето со предлог за определување на минимум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност, односно задачи на должникот – Општина , поднесен согласно член 218 од ЗИ, а поднесен од должникот Општина делумно се уважува и се опредлува износ од 35.169.601,оо ден, како месечен лимит на парични средства врз кои нема да се спроведе извршување од сметката на Буџетот на општина по налог за извршување налог за извршување И.бр. /2018 од 09.07.2018 год. издаден од извршител именуван за подрачје на Основен суд за износ од 16.656.446,00 ден, а по барање за извршување од доверителот "ДГ Бетон Ад Скопје а додека поголемото барање со предлог за

определување на минмум средства кои се неопходни за вршење на месечната дејност односно задачи на должникот Оптшина над уважениот дел со кое должникот бараше да се определуват минимални средства кои се неопходни за вршење на основната дејност во износ од 52.498.480,00 денари па до досудениот износ 35.169.601,00 денари ,се одбива како неосновано.

Со решение ТСЖ.бр. /23 од 08.06.2023 година на Апелациониот суд жалбата на доверителот и на должникот се одбиваат како неосновано а додека решението на овој суд ИДС.бр. /23 година се потврдува .

Во предлогот на должникот се наведува дека на должникот подолг временски период му била блокирана сметката, а заради присилна наплата на побарувања по налози за извршување на извршители , , именувани за подрачје на Основен суд , и тоа по налози за извршување наведени во диспозитивот на ова решение, а по барање за извршување на доверители назначени исто така во диспозитивот на ова решение.

Поради блокирање на сметката на должникот од сите овие налози Општината како единица на локалната самоуправа не можела да ги обавува редовните тековни активности.

Од таа причина предлагачот – должникот имал потреба од одреден износ на средства кои би биле неопходни за нормално вршење и функционирање на дејноста.

За утврдување на овој минимален износ на средства, предлагачот – должникот во прилог на барањето достави вештачење од економско финансиска област изготвено од вешто лице проф. Д-р

Овој износ на неопходни минимални финансиски средства за месечно функционирање на предлагачот – должникот согласно ваквиот наод и мислење изнесувал 52.498.480,оо ден.

Од страна на судот предлогот на должникот беше доставен до ивршител кој што ги има превземено предметите од извршител со оглед да истиот повеќе не обавува дејност како извршител поради пензионирање, и до извшрител од .

Од страна на извршител и е доставен одговор во кој што се наведува дека се доставени одговори во кој наведуваат дека во конкртетниот случај извршителите спорведуват извршување на парично побарување врс сметка на должник согласно чл.210 од ЗИ а не врши попис на подвижни или недвижни предмети или права сопственост на должникот за да би можел претседателот на судот да се впушти во одлучување кои предмети или права се неопходни за вршење на дејноста на должникот што значи дека паричните средства на должникот кои што се наоѓат на сметка кај носител на платен промет врс кои што извршителот спорведува извршување не се ниту предмети ниту права на должникот .

Претседателот на судот по оцена и анализа на наводите во предлогот на должникот како и доказите во прилог на истото, одговорите од страна на извршителите заедно со прилози, оцени да предлогот на должникот е основан, а поради следното:

Барањето – предлогот на должникот Општина е заснован согласно одредбата од член 218 од ЗИ каде што е наведено “Врз

предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и Јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, до колку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи. Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи Претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба".

Во конкртетниот случај должникот согласно Законот за локална самоуправа должникот е единица на локалната самоуправа, како заедница на жители на одредено подрачје, утврдено со Закон, која преку своите органи, администрацијата и организираните јавни служби овозможува вршење на надлежностите пропишани со Законот за локалната самоуправа и дека врши работи од локален карактер кои се од особен јавен интерес за граѓаните, меѓу кои спаѓаат и комуналното уредување, образованието и социјалната заштита. Оттука заради остварување на работата во рамките на законскиот надлежности со цел да не се нарушат или загрозат инртесетие на граѓаните судот оцени дека на должникот му е неопходно потребен месечен минимум на парични средства врз кои нема да се спорведува извршување со цел да може непречно да функционира .

Од писмените докази се утврди дека спрема должникот Општина [redacted] се спроведува извршување врз паричните средства од трезорската сметка на должникот врз основа на налог за извршување извршување И.бр. [redacted]/18 од 22.08.2018 на извршител [redacted], налог за извршување И.бр.[redacted]/18 од 18.09.2018 на извршител [redacted], налог за извршување И.бр.[redacted]/2019 од 08.04.2019 година на извршител [redacted], налог за извршување И.бр.[redacted]/2019 од 28.05.2019 година на извршител [redacted], налог за извршување И.бр. [redacted]/2019 од 21.06.2019 година на извршител [redacted], налог за извршување И.бр.[redacted]/2019 од 21.06.2019 од извршител [redacted], налог за извршување И.бр. [redacted]/2019 од 25.06.2019 година на извршител [redacted] од [redacted], налог за извршување И.бр. [redacted]/2019 од 12.09.2019 година на извршител [redacted] од [redacted], налог за извршување [redacted]/2019 од 14.10.2019 година од извршител [redacted] од [redacted], налог за извршување И.бр. 993/2019 година од 14.11.2019 година од извршител [redacted] од [redacted], налог за извршување И,.бр.[redacted]/2020 од 24.01.2020 година на извршител [redacted] од [redacted], налог за извршување И.бр.[redacted]/2020 од 24.07.2020 год. издаден од извршител [redacted], налог за извршување И.бр.[redacted]/2021 од 08.07.2021 година од извршител [redacted] од [redacted].

Имајќи го во предвид наодот и мислење – финансиско сметководствено вештачење изготвено од в.л. професор д-р [redacted] се утврди дека просечните месечни трошоци кои се неопходни за нормално функционирање на Општина [redacted] односно нејзините служби за 2023 год. изнесуваат во вкупен износ од 35.169.601,оо денари како месечен лимит произлегува од просекот на трошоци и расходи кои се однесуват за основни плати 10.833.333,33 денари, и надоместоци за вработените во износ од 2.579.166.67 денари ,

придонеси за социјално осигурување 3.957,833.33 денари , комунални услуги 11.423.199.08 денари , ситен инвентар алат и др. 493.333.оо ден; поправки и тековно одрж. 1.879.404,00 денари , договорни услуги 4.003.333,00 денари.

Имено согласно чл. 208 од ЗИ Извршување заради остварување на парично побарување спрема правно лице може да се спроведе врз сите расположливи средства на неговите сметки кај носителите на платен промет каде што должникот има сметки.

Согласно чл.210 од ЗИ (1) Извршителот со налогот за извршување назначува еден од носителите на платен промет каде што се водат доверителовите и должниковите парични средства, бројот надоверителовата и должниковата сметка и нивните потсметки доколку ги има,доверителовиот и должниковиот даночен број или ЕМБГ и долгуваниот износ.А согласно ст.2 од истиот член Со налогот за извршување врз парични средства што се водат на сметка на должникот кај носителот на платен промет, на носителот му се наложува паричниот износ за кој е наложено извршување да го пренесе од сметките на должникот на сметката на извршителот предвидена во членот 36 став (5) од овој закон, согласно ст.3 од истиот член Налозите за извршување кои ги задолжуваат трезорските сметки, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки, носителот на платен промет ги извршува на начин што врз основа на налозите за извршување изготвува налози кои ги доставува до Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување каде што на должникот му се води сметката. согласно ст.4 од истиот член Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување налозите од ставот (3) на овој член ги извршува согласно со овој закон и согласно со прописите за платен промет.а согласно ст.(5) Извршителот е должен да го достави налогот за извршување до должникот, откако налогот за извршување врз средства на сметката на должникот е евидентиран кај носителот на платен промет.

Согласно чл, 218 од ЗИ (1) Врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи.а согласно ст.2 Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство,ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.

При вакава состојба особено имајќи го предивид надлежноста на должникот врз основа на чл.218 од ЗИ судот оцени дека опредлениот износ 35.169.601,00 денари претставува минимум потребен износ над кој должникот е потребно да му се овозможи право да го користи на месечно ниво , неопходен за вршење на дејноста и задачите на должникот .Во поглед на висината на определениот лимит судот му поклони верба на вештиот наод од в.л. професор д-р , а од друга страна смета дека без бараниот лимит несомнено би се довело во прашање функционирањето на должникот и остварувањето на неговите надлежности кои произлегуват од Законот за локална самоуправа .

Во конкртениот случај судот делумно го уважи барањето на

должникот за определување на месечни минимални средства во износ од 35.169.601,00 денари,и поголемото барање во износ од 52.498/480,00 денари го одби како неосновано од причини што согласно правно мислење на Врхвониот суд на РСМ од 26.12.2022 година во кое е утврдено дека Претседателот на Основниот суд на чие подрачје се спроведува извршувањето за остварување на парично побарување спрема Република Северна Македонија и нејзините органи , единиците за локалната самоуправа и јавните претпријатиа е овластен да определи кои средства што се наоѓат во нивните сметки кај носителите на платен промет се неопходни за вршење на нивната дејност и сметка дека определениот износ од 35.169.601,00 денари се средтсва кои се неопходни за вршење на дејнсота .

Во смисла на претходно наведеното судот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД** , на ден 05.07.2023 год. под ИДС.бр. /23

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ-СУДИЈА**

**П О У К А**: Против став 1 на изреката на ова решение не е дозволено право на жалба а додека под 2 рок за жалба 3 дена од денот на приемот, преку овој суд до Апелационен суд

**ЗАДОЛЖЕНИЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ ТАКСА: СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот да плати такса за одлука 480,оо ден.